# КОЈ ЌЕ ИСПИТУВА ДАЛИ КАНД ГРАДОНАЧАЛНИЦИ БИЛЕ СОРА

**Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, или популарно наречен лустрација, предвидува јавните функционери да поднесат изјава дека не соработувале со тајните служби. До одржувањето на претседателските и на локалните избори остануваат уште пет месеци, а тоа што сè уште не е формирана Комисијата која ќе треба да утврдува кој соработувал со ваквите служби, го наметнува прашањето - дали лустрацијата ќе важи и за овие кандидати?**

Пишува: **Жаклина МИТЕВСКА**



МАКЕДОНИЈА ТЕШКО СЕ ОСЛОБОДУВА ОД КОДОШИТЕ

# НЕМА КОМИСИЈА ЗА ЛУСТРИРАЊЕ НА КОДОШИТЕ

Доколку тргнеме од правилото дека законите се носат за да не се почитуваат, тогаш повеќе од сигурно е дека таквото правило важи за нашава држава. Имено, иако Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, или популарно наречен лустрација, предвидува јавните функционери да поднесат изјава дека не соработувале со тајните служби, сепак кај нас сè уште не е формирана Комисијата, која ќе треба да утврдува кој од функционерите соработувал со ваквите служби. Всушност, ова правило треба да важи и за кандидатите за претседател на државата, но и за кандидатите за градоначалници. До одржувањето на претседателските и локалните избори остануваат уште пет месеци, а тоа што Комисијата сè уште не е формирана го наметнува прашањето дали лустрацијата ќе важи и за овие кандидати?

Иако од изгласувањето на Законот за лустрација (го опфаќа периодот од 1944 г. до неговото стапување на сила, покрај информаторите ќе бидат опфатени и нарачателите, наредбодавачите и корисниците на информациите), кој требаше да расчисти со стегите од минатото, минаа десет месеци, сепак тој сè уште не профункционирал. Доколку беше поинаку, дали на некои од сегашните носители на јавни функции, ќе им беше оневозможено уживањето во удобните фотељи? Никому не му одговара да го види своето име во списокот на соработници со тајните служби! Значи ли тоа дека намерно се одложува формирањето на Комисијата која ќе ја испитува веродостојноста на дадените искази на оние кои претендираат да бидат носители на јавни функции?

## СОПИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ

И додека останатите земји од Источна Европа веќе одамна се ослободија од "кодошите", кај нас во законодавниот дом сè уште се води битка кој ќе биде во состав на Комисијата. Проблемот е во тоа дали мнозинството членови ќе бидат од власта или, пак, од опозицијата. Претходно, проблемот беше во нецелосната документација на пријавените кандидати за членови на комисијата. Од друга страна, пак, се поставува и прашањето кој ќе потврди дека членовите на Комисијата не биле соработници со тајните служби? Сепак, политиката треба да биде надвор од лустрацијата, односно не смее да се дозволи, поради некаква блискост со одредени структури, кодошите да бидат поштедени.

Од вкупно 11 члена на Комисијата опозиционата СДСМ бара да има четири и нејзин претседател. Оттаму коментираат дека ВМРО-ДПМНЕ го сопира процесот, бидејќи сака да спроведе политичка лустрација.

"Комисијата требаше да се формира многу одамна. СДСМ нема проблем со лустрацијата. Сите членови на нашата партија имаат дадено изјава дека не соработувале со тајните служби, меѓутоа нема кој да ги разгледува. Јасно е дека ВМРО-ДПМНЕ не сака да се спроведе процесот на лустрација, туку сака партиска комисија која ќе спроведе политичка лустрација. Оваа партија бара апсолутно мнозинство во Комисијата", вели Цветанка Иванова, СДСМ.

Во ВМРО-ДПМНЕ, пак, коментираат дека социјалдемократите не сакаат да отстапат од стартните позиции, дека не се подготвени за компромис и дека тие сакаат мнозинство во Комисијата. "СДСМ бара да има шест члена и потпретседател или пет со претседател. Оваа партија е со намера да го закочи процесот. Правиме напори и по цена на

# ИДАТИТЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРЖАВАТА И БОТНИЦИ СО ТАЈНИТЕ СЛУЖБИ?

**ОБВРСКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПИСМЕНА ИЗЈАВА**

**Член 6**

**(1) Лицето од член 5 на овој Закон е должно, во моментот на давање неотповиклива писмена согласност (изјава) за кандидирање предвидена во Изборниот законик или пред преземање јавна функција да поднесе писмена изјава заверена кај нотар до Комисијата, со која изјавува дека не соработувал со органите на државната безбедност во периодот од член 2 на овој Закон.**

**(2) Лицето од член 5 на овој Закон носител на јавна функција е должно, да поднесе писмена изјава заверена кај нотар до Комисијата со која изјавува дека не соработувал со органите на државната безбедност во периодот определен во член 2 на овој Закон.**

**(3) Комисијата во рок од 30 дена од денот на нејзиното конституирање објавува известување за датумот од кој почнува да тече рокот за поднесување заверена писмена изјава од став (2) на овој член во "Службен весник на Република Македонија" и најмалку во два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик и весниците кои се издаваат на јазикот кој го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните, кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.**

ослабување на нашите позиции, сепак Комисијата да се формира. Прашање на денови е кога ќе закажам седница на Комисијата за избори и именувања, на која ќе треба да ги расчистиме сите дилеми и таа да се формира пред изборите. СДСМ бара состав во своја полза само за да не може да се постигне договор", изјави Илија Димовски, ВМРО-ДПМНЕ.

## ДА СЕ СПРОВЕДЕ ЗАКОНОТ

За потсетување, Законот за лустрација беше донесен во јануари 2008 година, со 73 гласови "за" и ниту еден "против". Законот се подготвуваше една ипол година и во него беа вградени јавни и експертски мислења.

Неговиот предлагач Стојан Андов, тогаш изјави дека Законот не треба да се сфати како нешто што ќе нè потсетува на минатото и ќе ги зајакнува поделбите, туку како вистинско свртување напред, кон иднината.

Десет месеци потоа, тој вели:

"Лустрацијата може да ја постигне целта само доколку Законот се применува доследно. Ако нема тајни кршења на Законот целта ќе се постигне. Доколку, пак, се оди на организирано кршење на Законот, тогаш тоа ќе биде крупна злоупотреба и треба да се третира како злосторнички договор. Можеби некој ќе се занесува и со такви идеи. Секогаш и во сите области се можни обиди да се изигра Законот, ние во Македонија сме специјалисти за тоа. Но, работата е да се спроведе Законот, а не да се изигра".

Искуствата на одделни постсоцијалистички земји, кои се соочија со потребата да се отстранат остатоците од стариот режим, покажаа дека некои форми на лустрација се неопходни и дадоа резултати во развојот на демократијата, демократските институции, владеењето на правото и заштитата на слободите и правата на граѓаните, обезбедувајќи услови за брз влез во НАТО и во ЕУ.

Во поновата историја, по Втората светска војна, такви мерки се спроведени во повеќе земји: Германија, Франција, Австрија, Шпанија, Италија, Португалија, Јапонија, Грција. По паѓањето на комунизмот слични мерки се донесени во тогашна Чехословачка, Полска, Бугарија, Унгарија, Литванија, Романија, Албанија, Летонија, Естонија, Русија.

Во Македонија, долго време од осамостојувањето не беше отворена јавна дебата за потребата од воведување мерки на лустрација. Причините за тоа беа во осамостојувањето на РМ и проблемите кои произлегоа од тоа: проблемот со името и негирањето на националниот идентитет од страна на соседните земји, економските тешкотии итн.


